Macedonian | Македонски

NSW STATE EMERGENCY SERVICE

# Подгответе се за поплава

## Знајте ги предупредувањата

Гледајте и слушајте за предупредувања за поплави и временски услови од SES на Нов Јужен Велс и од метеоролошкото биро.

Следете ги природните знаци за поплави, вклучувајќи обилни врнежи од дожд, брзи води или насобрана вода. Дејствувајте навреме. Може нема да добиете предупредување од SES на Нов Јужен Велс.

SES на Нов Јужен Велс ќе издаде **совет „Гледајте и дејствувајте“** или **предупредување за вонредни ситуации**. Нивото на предупредување зависи од влијанието на поплавата и очекуваните последици.

## Придржувајте се на вашиот план за вонредни ситуации

Придржувајте се на плановите за вонредни ситуации за вашиот дом, бизнис и имот.

Придржувајте се на вашиот план за сите луѓе и животни за кои водите грижа.

Подгответе го вашиот комплет за вонредни ситуации во случај да треба да заминете.

### Спакувајте ги последните важни предмети во комплетот за вонредни ситуации:

- Добра количина на потребни лекови
- Сите специфични предмети и материјали за бебиња, лица со попреченост, изнемоштени и постари лица
- Соодветна облека и обувки
- Свежа храна и вода за пиење

## Пред да заминете

**Исклучете ги гасот, струјата и водата пред да тргнете.**

**Земете го вашиот комплет за вонредни ситуации.**

Во ситуации опасни по животот, **јавете се на три нули (000)**

За итна помош при поплава, невреме или цунами, јавете се на **NSW SES** на **132 500**.

www.ses.nsw.gov.au/languages

@NSWSES NSWSES NSWSES